# Медиум

весник за сите средношколци

Четврток, 1.12.2016; година IV; бр. 26

www.medium.edu.mk


ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

## Во друштво е главен, а во пливање шампион

МАРИО МИЦКОВЦКИ, ОСВОЈУВАЧ НА ЗЛАТЕН МЕДАЛ НА СПЕЦИЈАЛНАТА ОЛИМПИЈАДА ВО ЛОС АНЏЕЛЕС



Фото: Ања Коцевска СУГС „Орце Николов“

стр. 6



ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

ИНТЕРВЈУ СО ВАСИЛ ЗАФИРЧЕВ, АКТЕР

стр. 3



ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

КЛИК ДО ОПАСНА ЗОНА

стр. 5



МЕДИУМСКА ЛАБОРАТОРИЈА ВО ВИНИЦА

стр. 8


ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**

**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

ВОВЕДНИК



Марина Евтимова-Митева, професорка во СОУ „Ванчо Прке“, Виница

# Сапуниците не смее да ѝ хипнотизираат

Телевизијата сè уште се наоѓа на врвот од пиедесталот кој ја прикажува моќноста на средствата за масовна комуникација, или уште подобро кажано, средства за масовна хипноза. Како една целина од говор, звук и слика, овој медиум придонесува за развојот на едно општество, но за жал, истовремено обезвреднувајќи ги моралните вредности и промовирајќи девијантно однесување.

Кога денес ќе ги видиме младите како пред телевизорот гледаат турски серии, ние од постарата генерација не така лесно го прифаќаме тоа како добар избор и како нешто што може едукативно да влијае врз нашите деца.

Меѓутоа, ако го вратиме филмот малку station наназад можеме да се фатиме во сопствената стапица, бидејќи ќе се присетиме дека и ние сме порасналe со слични сапуници. Вистинска реткост би била да прашаш некого од повозрасните, а да не знае да ти одговори која била Касандра. Тоа е серија која кога се емитуваше, на улиците едвај можеше да сретнеш жив човек. Тоа е серијата што и по дваесетина години го држи Гинисовиот рекорд за серија на шпански јазик која се емитувала во најголем број држави.

Оттогаш, „квантитет, а не квалитет“ како да стана мото на сите наши телевизиски куќи, како тие да се натпреваруваа кој ќе успее да купи повеќе серии. Немаше време никој да праша што би се случило кога парите би се пренамениле за цртани филмови и за документарни емисии. Можеби во таков случај не би произведувале генерации кои сметаат дека слепата покорност значи почит или, пак, дека викањето и удирањето се нормална реакција за во многу ситуации.

По латино-американските, на голема врата влегоа и турските серии. Публиката лесно ги прифати како блиски до неа, како свои. Чинам, едни од најголемите бранители што „изникнаа“ од многубројните обожаватели на турските серии се оние кои сметаат дека од нив може да се научи како еден човек треба да се однесува, особено кон постарите.

Во ред, нека има нешто и добро, но проблемот е што децата и младите воопшто не се идентификуваат со таквите ликови, туку со оние поексцентричните. На пример, со батковците од „Долина на волците“, па децата си даваа прекари исти како во серијата, сакаа да личат на актерите-мафијаши итн.

Во една ситуација, бев запрепастена кога слушнав оти дете во едно основно училиште било отфрлано од друштвото зашто не било во тек со некоја серија и соучениците немале за што да разговараат со него.

За ваквите состојби, за инвазијата од турските серии не ни се виновни само телевизиите. Тука се родителите кои по напорниот ден сакаат да се „вовлечат“ во нечиј туѓ живот, каде што љубовта победува, каде што некоја друга жена ви ја чисти куќата, а во исто време и внимателно ги слуша вашите проблеми. Во тој живот има доволно пари и за три животи. Затоа одговорноста да не дозволиме младите „благодарение“ на ваквите серии да ја изгубат реалната перцепција за себе и за другите е заедничка.

На сите нас е одговорноста да дадеме сè од себе за да спречиме создавање генерации навикнати на кич и без изострено естетско сетило, генерации кои не го преиспитуваат она што им се сервира и кои не знаат да читаат меѓу редови, генерации кои сметаат дека комодитетот и лесната заработка им се загарантирани уште од раѓање.

# Училишни заедници за обединување и дејствување



Фото: Маја Јаневска-Илиева

Некои од средните училишта во Македонија, пред сè во главниот град, веќе добија свои училишни заедници, а наскоро такви треба да се формираат и во преостанатите, по што се очекува сите да се обединат и на национално ниво.

Станува збор за нова форма на средношколско обединување преку основање на заедници, односно за процес кој започна пред околу две години на иницијатива и со поддршка од германската фондација „Конрад Аденауер“.

Во тој период се одржаа низа обуки, семинари и работилници со цел да се изградат капацитети на избрани ученици, за формирање и работа на училишните заедници преку кои учениците ќе може легитимно да си ги претстават своите гледишта и ставови. Се формираше и првата заедница во СУГС „Никола Карев“, по што истиот процес продолжи во уште неколку средни училишта во Скопје, меѓу кои „Ѓорѓи Димитров“, „Здравко Цветковски“, „Орце Николов“ и „Раде Јовчевски-Корчагин“.

- Училишната заедница претставува алатка за размена на идеи, заедничко избирање на најдобрите решенија и нивна реализација. Целта за формирањето на училишната заедница е јасна – заемна соработка и комуникација помеѓу самите ученици, учениците и професорите и помеѓу учениците и училишната администрација – вели Дамјан Велков, претседател на училишната заедница на СУГС „Ѓорѓи Димитров“.

Училишните заедници се раководени од сите претседатели на класовите, како и од избраното претседателство кое има свој потпретседател и секретар.

Задачата на овие заедници е активно да учествуваат во организација на проекти и настани во рамките на своите училишта, како и воспоставување комуникација помеѓу училишните служби и учениците.

Следниот чекор, според најавите, е обединување на веќе постојните заедници, како и оние кои допрва ќе се формираат на национално ниво, со цел создавање на платформа каде што средношколските глас, идеја и потреба ќе бидат слушнати јасно.

**Виктор Олумчев, четврта година во СУГС Гимназија „Орце Николов“ - Скопје**

# Се одржаа државните првенства во стрелаштво и во пинг-понг



Точно 85 ученици од десетина града од Македонија се натпреваруваа на државното првенство за средни училишта во стрелаштво, а 38, пак, на првенството во пинг-понг.

Учениците стрелаа во четири серии по пет дијаболи, во машка и во женска конкуренција. Од средношколките како најдобра се покажа Викторија Тренчевска од прилепското училиште „Мирче Ацев“, а веднаш зад неа се пласира Јана Маркоска од охридската гимназија „Св. Климент Охридски“. Третото место го освои Сара Томеска, средношколка во скопското училиште „Панче Караѓозов“.

Во машка конкуренција, првите две места ги освоија двајца ученици од прилепската гимназија, Антонио Николоски и Емануел Сеичоски, додека како трет заврши Бојан Симитчиев од средното училиште „Орце Николов“ во Скопје.

Овој натпревар се одржа во Охрид во текот на ноември.

Државното првенство за средношколци во пинг-понг, пак, се одржа во Кавадарци, исто така во машка и во женска конкуренција.

Од средношколките, две ученички од училиштето „Ѓорче Петров“ во Крива Паланка ги освоија првото и третото место, Анета Станковска, односно Ангела Стаменковска. Второпласирана беше Ива Димитриевска од кумановската гимназија „Гоце Делчев“.

Исто како во женската, и во машката конкуренција за првото место се избори ученик од Крива Паланка, Филип Костадиновски. Второпласиран, пак, беше Александар Рикакоски од „Мирче Ацев“ во Прилеп, а зад него на третото место се најде Методиј Бужаровски, ученик во скопската гимназија „Никола Карев“.

Првите две места во сите конкуренции од двете државни првенства се здобија со учество на спортскиот камп што секоја година го организира Агенцијата за млади и спорт.

Медиум

**Уредници на „Медиум“:** Александра Темениугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004 и Александар Самарџиски, aleksandar.sa@novamakednoija.com.mk

**Техничко уредување:** Марин Матев **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска

**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734

**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската Унија

# Прилепчанки доминираа на натпревар по француски јазик

Три ученички од гимназијата „Мирче Ацев“ во Прилеп ги освоија првите три места на регионален натпревар по правопис, односно спелување.

Марија Андоноска, Марија Митреска и Ангела Зероска со ваквиот пласман се пласираа на државниот натпревар што на трети декември треба да се одржи на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Нивна менторка е професорката Мирјана Бошковска.

На регионалниот натпревар, кој се одржа во битолската гимназија „Јосип Броз Тито“, покрај прилепските гимназијалки учествуваа и ученици од Битола, Ресен, Крушево, Демир Хисар и од Могила.

ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

ИНТЕРВЈУ СО ВАСИЛ ЗАФИРЧЕВ, АКТЕР

# Актерот мора да умее да се пронајде во улогата



Готвачот Марио од Хрватска, кој дошол да работи во Македонија, е улогата од телевизиската серија „Преспав“ во која од неодамна поширокaта публика може да го види Васил Зафирчев, покрај во оние од претставите на редовниот репертоар на велешкиот театар. Освен како актер, во јавноста знае да се појави и како водител и како музичар. За актуелните и за идните ангажмани, но и за неговите почетоци, за театарот и лекциите кои може да се научат од разните актерски улоги се само дел од темите со кои разговаравме со Зафирчев.

**Се сеќавате ли на првата улога што сте ја добиле и како се справивте со тремата?**

Пред студиите по актерска игра на Факултетот за драмски уметности учествував во неколку аматерски претстави како член на Младинската сцена на Велешкиот театар. Но првото професионално искуство ми беше во втората година од студиите, токму на сцената на Велешкиот театар, со улогата на Лелио во претставата „Комедија А“ на режисерот Александар Илиев од Бугарија. Немав ниту трема ниту страв, туку пред сè чувство на задоволство, возбуда и голема одговорност да ги исполнам очекувањата на режисерот и театарот, особено затоа што стануваше збор за специфична претстава од жанрот на „комедија дел арте“ како посебен и навистина тежок театарски жанр.

**Што Ве мотивираше да го изберете актерството за Ваша професија?**

Главен мотив ми беше токму љубовта кон театарот, исполнувањето на детскиот сон да се занимавам со професија која е врзана за сцената и настапот пред публика. Иако како дете првична провокација ми беше танцот, особено класичниот балет, кој, за жал, немав можност да го изучувам во родниот град. Желбата за театарот се појави многу подоцна, некаде кон крајот на основното образование, по многуте одгледани театарски претстави и желбата да бидам дел од магијата на сцената.

**Имате ли омилена улога?**

Немам омилени улоги, сите кои досега сум ги толкувал ги сакам на различен и посебен начин. Но има улоги кои се суштински значајни и важни за моето растење и созревање како човек и како уметник. Тоа се оние улоги кои можат да превртат цел еден живот. Малку се, можат да се избројат на прстите од една рака, но сосема доволни за секогаш да ме потсетуваат на тоа кој сум, од каде сум, каде сум стигнал и каде сакам да одам.

**Важно ли е каква улога ќе добие еден актер и колку е битно тој да се пронајде во неа?**

Како актер подеднакво значајни и важни ми се сите улоги. Но како уметник не ми се толку важни природата и карактерот на улогите кои ги толкувам, туку пред сè авторските прочити и концепти, мојот индивидуален став и порака кои преку една улога ги испраќам до публиката. Секој професионален актер кој се занимава со репертоарен театар мора да умее и да знае да се пронајде во секоја улога, или барем да препознае дел од себеси во неа, без оглед дали таа лично му се допаѓа или не. Тоа е составен дел од природата на актерската професија, која во суштина се занимава со проучување на животот во нас и околу нас.

**Која е најекстремната промена што сте ја направиле за да се приспособите на некоја улога?**

За потребите на разни улоги и претстави повеќе пати сум правел промени, од должината и бојата на косата, телесната тежина и слично. Но веројатно најекстремна беше промената за улогата во филмот „Соба со пијан“ на режисерот Игор Иванов, кога морав да ослабам неколку килограми, да го избричам предниот дел од косата и да направам комплетна депилација на телото.

**Важите за еден од ретките актери кој на сцена плаче со вистински солзи. Како успевате?**

Се соживувам со секоја улога која ја играм. И настојувам да сум секогаш природен, спонтан и докрај уверлив во она што го правам на сцената. Зашто театарот е уметност на мигот, а ако актерот е докрај присутен во секој миг на сцената, тогаш театарот е верен и жив, се случува сега и овде пред очите на гледачите. Впрочем и само таков театар допира до срцата на публиката во салонот. И само тогаш публиката се засмејува до солзи или, пак, плаче до болка заедно со актерите на сцената.

**Се дружите ли приватно со колегите од Велешкиот театар?**

Сите во театарот сме една голема фамилија. И така функционираме. Се сакаме и се грижиме едни за други. Блиски сме и добро се познаваме. Но со некои од нив, покрај работата во театарот, ме врзува и долгогодишно лично пријателство.

**Во кои претстави може да Ве види публиката и кои Ви се следните ангажмани?**

Покрај во серијата „Преспав“, ангажиран сум и во претставите „Старицата од Калкута“ и „Добрата надеж“ како дел од редовниот репертоар на Велешкиот театар, а веќе работам и на најновата улога во претставата „Ана Комнена“ од Сашо Димоски, во режија на Ненад Витанов, чија премиера ќе биде на сцената на театарот „Цинот“ - Велес до крајот на годината.

**Сара Тодоровска, четврта година во СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, Велес**

## Книга, јога и медитација во слободно време

Слободното време е реткост во секојдневието на Зафирчев, а за тоа се „виновни“ многубројните ангажмани, но кога го има, вели, го користи за дружење со семејството, пријателите и колегите, како и за прошетки со неговиот миленик Беба. Исто така, тој период го пополнува и со добар филм или книга, но и со јога и медитација.

- И секако, со задолжителна работа на себе, дури и во слободното време - додава актерот.

На прашањето какви луѓе сака да се околу него, вели, дека тој и неговите колеги секогаш и секаде се опкружени со најразлични луѓе поради природата на театарот и јавниот карактер на професијата.

- Затоа најчесто луѓето нè избираат нас. Но оние кои јас ги избирам и со кои најчесто се дружам, најважно е само да се вистински. Сè друго е залудно потрошено време - истакнува Зафирчев.

КАДЕ БЕВМЕ?

СОУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“, ВАЛАНДОВО

# Имаат фарма, кројат лозје и жнеат жито



Не можат да се пофалат дека имаат големо училиште, но дека тоа е навистина богато можат. За тоа ќе наведат низа аргументи, ќе покажат и ќе докажат.

Велат, училиштето функционира како една фамилија во која сите членови се исти, без оглед на етничката припадност или социјалната положба во општеството. Часовите, пак, ги одржуваат во современо опремени кабинети, а за презентирање на наставниот материјал се задолжени триесетина професори.

Тие со гордост раскажуваат дека нивното училиште постои повеќе од педесет години. За прв пат училишното ѕвонче заѕвонило во учебната 1960/61 година. Меѓутоа тогаш било наменето само за учениците кои имале желба да запишат средно земјоделско, а различно било и името на училиштето, се викало „Каме Полизов“.

Така останало во наредните десетина година, а од 1972-та покрај земјоделската струка, биле воведени и гимназиските паралелки, па од средно земјоделско училиште тоа прераснува во Училиштен центар за средно образование. Запаметена ќе биде и 1991-та, бидејќи старата зграда добива ново руво, односно училиштето било реновирано, а е доградена и нов дел.

Денес средното општинско училиште во Валандово го носи името на личноста која, како што велат учениците-историчари, била срцето на револуционерна Македонија, Гоце Делчев.

Дел од учениците во него учат во гимназиските паралелки, но постои и земјоделско-ветеринарна струка, односно тамy се калемат образовните профили за лозаро-винарски техничар и техничар за фармерско производство.

Постоењето на овие стручни насоки е и еден од главните „виновници“ што средношколците во валандовското училиште „Гоце Делчев“ можат да се пофалат и со сопствена живинарска фарма во која произведуваат јајца, мини винарница, како и ниви со разни насади.

Во нивниот имотен лист се запишани хектар и пол лозов насад, шест хектари житници и половина хектар пченка. Во рамките на практичната настава, заедно со нивните професори, учениците го кројат лозјето и ги жнеат житото и пченката. За да ги завршат обврските ја користат и земјоделската механизација со која располага училиштето.

Исто така, на површина од еден хектар имаат и јапонско јаболко и калинки. На ова училиште не му недостигаат ниту активностите на меѓународен план. Вклучени се во низа проекти, меѓу нив и оние од програмите „Еразмус“, благодарение на кои учениците заминуваат на практичка обука во Бугарија, а соработуваат и со винарницата „Бахус-Тенерифе“. Тука се и проектите „Заедно можеме“, „МИО“ итн.

**Елена Москова, ученичка во СОУ „Гоце Делчев“, Валандово**





## ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

# Клик до опасна зона

**Средношколците не обрнуваат внимание кога се споделуваат фотографии без согласност, бидејќи не се свесни дека станува збор за биометриски личен податок, а да не ги објавуваат јавно, бидејќи некој може да ги искористи за лажно претставување, но и да се воздржат и од споделување на целосните датуми на раѓање, телефонските броеви и адресите, се само некои од советите кои се упатуваат до нив**



Колку време младите поминуваат на Интернет и дали се свесни за можна злоупотреба на нивните фотографии, датуми на раѓање, адреси и други лични податоци е тема на која во Македонија речиси и да не се направени посериозни истражувања.

„Онлајн“ е статусот во кој им поминува голем дел од нивното секојдневие, но исто така повеќето сметаат оти се запознаени со опасностите што ги демнат во сајбер-просторот е впечатокот што го добивме од нашите разговори со неколку средношколци.

- Нема ден, а да не се вклучиме на социјалните мрежи за да провериме што има ново, што постирале нашите пријатели. Интернетот го користиме секојдневно, но мислам дека ретко кој од нас се грижи за тоа колку е безбеден иако сме свесни дека многумина знаат начини како да влезат на туѓи профили и истите да ги злоупотребуваат. Сметам оти е потребно да се посвети повеќе внимание токму на нашата сигурноста на Интернет – вели Надица Трајковска, ученичка во средното скопско училиште „Раде Јовчевски-Корчагин“.

Дел од нив сметаат оти личните податоци оставени на социјалните мрежи се најлесни за откривање, а потоа и за злоупотреба, па се трудат да се заштитат.

- Својата приватност се обидувам да ја заштитам со тоа што внимавам што споделувам со другите луѓе, избегнувам јавно прикажување на мои лични податоци, телефонски број, адреса на живеење, а кога наидувам на непознати внимавам на комуникацијата или воопшто не ни комуницирам - објаснува средношколката Драгана Лазарова од училиштето „Гошо Викентиев“ во Кочани.

Според податоците, пак, на Дирекцијата за заштита на лични податоци (ДЗЛП), еден од поголемите проблеми поврзан со приватноста во сајбер-просторот се фотографиите. Тие истакнуваат дека средношколците не обрнуваат внимание на споделувањето фотографии без согласност сѐ до оној момент кога ќе сфатат дека станува збор за биометриски личен податок.

Токму начинот на кој се објавуваат фотографиите на социјалните мрежи е еден од аспектите што го истакна и ИТ-инженерот Дејан Зафировски.

- Пред неколку години хакирањето профили и крадењето податоци беше полесно за разлика од денес, бидејќи постојано се надградуваат и усовршуваат безбедносните системи. Првиот чекор за еден средношколец, но и за секој друг корисник, да биде побезбеден може и треба да го направи самиот. Пред сѐ, фотографиите да не бидат јавни, бидејќи најчесто се користат за лажно претставување и креирање други профили, а секако не треба да ги оставаат ниту целосните датуми на раѓање, мобилните телефони, адресите - советува Зафировски.

Слични се и советите кои ги даваат и од ДЗЛП, од каде што предупредуваат дека еднаш прибраните податоци на некоја веб-страница се користат, препраќаат, но исто така можат и да се злоупотребуваат на безброј начини. Велат, тешко може да се утврди што се случува со личните податоци кои циркулираат во сајбер-просторот.

Дирекцијата во соработка со средношколците од СУГС „Никола Карев“, минатата година направиле истражување во кое биле вклучени 548 ученици од прва до четврта година.

Дел од резултатите покажале оти тинејџерите не објавуваат, ама примаат провокативни содржини, на пример, околу 400 од нив примиле нечија провокативна фотографија на некоја социјална мрежа, а безмалку на 40, пак, им била злоупотребена.

Од друга страна, пак, загрижувачки е и податокот дека дури 388 ученици имаат лажни профили.

Кога станува збор, пак, за проектите за заштита, од ДЗЛП информираат дека спроведувале активности за да ги запознаат родителите со проблематиката преку Советите на родители во сите средни училишта, а креирале и водич со механизми за пријава на злоупотреба.

- Воедно, секое средно училиште има назначено офицер за заштита на личните податоци кај кого може директно да се обратат со цел минимизирање на повредата на правото на заштита на личните податоци во најбрз можен рок - вели Лилјана Пецова од ДЗЛП.

Додека кај нас ретко можат да се пронајдат поопсежни истражувања на темата, поголемиот дел од европските земји се и чекор понапред. Едно од нив е спроведено од мултинационалната истражувачка мрежа „ЕУ кидс онлајн“, која е формирана од страна на Европската комисија како дел од програмата „Побезбеден Интернет за децата“.

Истражувањето е направено за децата од 11 до 16 години и е спроведено на меѓународно ниво, но Македонија не е дел од него. Според анализите, децата се вклучуваат на Интернет најмногу преку мобилни уреди, па затоа е тешко за родителите да ги следат нивните активности.

Се истакна дека не секое користење Интернет дава бенефиции. Па така, добивањето корисни вештини зависи од возраста на детето, полот, социо-економскиот статус, колку добиваат поддршка од родителите и видот на содржината која им е достапна на Интернет. Користењето на нивните вештини во сајбер-просторот несомнено ги води кон одредени ризици кои можат сериозно да им наштетат. Иако не секоја содржина може да предизвика сериозна штета, во истражувањето се наведува дека можноста едно дете да биде вознемирено на Интернет зависи од возраста, но и од отпорноста кон тоа што се случува во сајбер-просторот.

- Децата најмногу сакаат да ги посетуваат социјалните мрежи, да „четуваат“, да го користат видеоканалот Јутјуб и да играат игри. Немаат голема желба да прикачуваат документи на Интернет, да читаат вести или да партиципираат во виртуелни светови.

Во рамките на истражувањето, децата се прашувани и што најмногу им пречи на Интернет, што ги вознемирува.

Помеѓу клучните содржини што ги вознемируваат се наведуваат детската порнографија, агресијата, злобата, насилството кон послабите (животни и мали деца). Момчињата изразуваат повеќе грижа за насилството отколку девојчињата, додека девојчињата се загрижени за ризиците од воспоставувањето контакти. Според анализите, загриженоста на децата за онлајн-ризиците драстично расте кај децата од девет до 12 години.

**Александар Самарџиски, новинар во „Нова Македонија“**

## Што најмногу ги мачи децата на Интернет?

Во истражувањето „ЕУ кидс онлајн“, децата беа прашувани за тоа што најмногу им пречи на Интернет, а дел од одговорите биле:

- Кога странци ми праќаат пораки од интернет-страници со секс-содржини кои се отвораат без да кликнам на нив
- Насилство кон жените и децата, како и понижување
- Предлози за средби со луѓе што не ги познавам
- Луѓе кои имаат сексуален чин или голи луѓе
- Се преплашив кога видов изгладнето дете од Африка

## Секој ден Интернет користат 61 отсто граѓани

За тоа колку е распространет Интернетот помеѓу македонските граѓани, а со тоа и достапен за младите, покажуваат и податоците на Државниот завод за статистика.

Според него, во првото тримесечје од 2016 година, дури 75,3 отсто од домаќинствата во земјава имале пристап. Дури 61 отсто, пак, од населението на возраст од 15 до 74 години користеле Интернет секој ден.

Најкористен за пристап до него биле мобилните телефони, пред сѐ од младите на возраст од 15 до 24 години.

Од вкупниот број корисници на Интернет во Македонија, половина или 51 отсто во последната година оставиле лични податоци на некоја веб-страница, а помеѓу најдаваните се контакти, име, датум на раѓање, број на лична карта.

## Организираниот криминал се занимава со злоупотреба

Во документ подготвен од полициите на Македонија, Србија и Црна Гора, кој беше објавен неодамна, е направена регионална процена на организираниот и тешкиот криминал во регионот. Дел од анализата е посветен и на компјутерскиот криминал во кој се споменува сексуалната злоупотреба на децата.

Како што пишува во него, децата и малолетниците се на мета на сајбер-криминалците, а најчесто се злоупотребуваат за сексуална експлоатација на Интернет. Фотографиите и видеата од ваков тип, се истакнува, најчесто се креираат во странство.

- Загрижувачки е тоа што дел од содржината се однесува и на деца до три години, понекогаш со елементи на насилство - проценуваат полициите. Исто така се споменува и оти ваквите кривични дела ги загрозуваат децата и малолетниците, бидејќи создаваат сериозни последици, а сето тоа е олеснето благодарение на постојаниот развој на технологијата.

Ваквиот документ е подготвен во рамките на проектот за Зајакнување на капацитетите за стратегиска анализа и стратегиска процена, кој е финансиран од швајцарската влада и го спроведува Мисијата на ОБСЕ во Србија.

МАРИО МИЦКОВЦКИ, ОСВОЈУВАЧ НА ЗЛАТЕН МЕДАЛ НА СПЕЦИЈАЛНАТА ОЛИМПИЈАДА ВО ЛОС АНЏЕЛЕС

# Во друштво е главен, а во пливање шампион





Спортот му е пасија, дел е од неговото секојдневие, а најмногу се пронаоѓа во пливањето. Со невите вештини во базен може да се гордее, а со успесите од меѓународните натпреварувања може да се пофалат не само неговите родители и тренери, туку и цела држава.

Марио Мицковски е средношколец во прва година во училиштето за физичка култура „Методија Митевски-Брицо“ во Скопје. Тој е дете со Даунов синдром, меѓутоа неговото благо хромозомско нарушување не претставува пречка за да го има истото секојдневие како и неговите врсници.

Тренира пливање, а е носител на златен медал од Специјалната олимпијада што минатата година се одржа во Лос Анџелес, САД. Шампионското место го освоил на 25 метри слободен стил, а на 50, пак, се закитил со бронза. Освоил и прво место на интернационалните спортски игри „Оаза“ во Босна и Херцеговина. Екипата на „Медиум“ помина едно попладне на тренинг заедно со овој средношколец, со неговата мајка и со тренерот.

- По природа е дете што сака многу спорт, и да гледа и да спортува. Постојано сака да е со топка или да плива. На улица во маалото често игра кошарка или фудбал. Најсреќен е кога ќе го викнат да игра нешто, во фудбал на пример, најчесто е во одбрана бидејќи кога ќе се залепи на противничкиот играч, потешко го проаѓаат – вели неговата мајка Јамболка.

Среќа, скокање и солзи радосници е она што прво ѝ доаѓа на ум кога ќе се сети на моментот и на атмосферата по успехот во Лос Анџелес.

Таа раскажува дека никогаш немале проблем со прифаќањето на нејзиното дете од средината, го носеле во градинка и завршил редовно основно училиште.

Во септември започнале и првите средношколски денови за Марио. На училиште оди сам, патува на екскурзии и, како што вели неговата мајка, се трудат да биде самостоен во секој поглед.

- Сам си го мести креветот, кога ќе јаде знае да ги собере чиниите, одговорен е – раскажува неговата мајка.

Во училиште, како што вели самиот, нема тешки предмети. Досега успеал да нареди три петки.

- По школо, шетам со девојки – низ смеа ни одговори Марио.

Неговата најчеста дестинација по училиште е базенот во спортскиот центар „Борис Трајковски“. Тренира три пати неделно, а заедно со него во група се уште дваесетина деца со разна попреченост. Со нив работат тренерот Радован Велјановски и уште двајца помошници. Отвореноста, желбата за дружење и професионалните успеси на Марио се главните „виновници“ што тој е една од главните фаци меѓу другарите од базен. „Марио, мајсторе“ е песната која тие често знаат да му ја запеат, додека, пак, тој често знае и да ги подучи нешто за пливањето за време на тренинзите. Тренерот Велјановски вели дека оваа група има редовни тренинзи и, според него, Дауновиот синдром или која било попреченост не треба да значи дека детето треба да биде изолирано, напротив, тоа треба да се прифати како и сите други.

- Ако овие деца се третираат нормално, ако им се дадат шанси како и на сите други, тие такви и ќе бидат прифатени. Најмногу треба да вложи родителот, да му помогне, да не го изолираат бидејќи има некаква попреченост – истакнува Велјановски.

Токму таков третман добива и Марио. Родителите му ги покажале автобуските постојки, па освен на училиште сам оди и на тренинг. Кога не е во базен или не игра фудбал, тогаш дома игра пинг-понг со неговиот помал брат или со некој другар. Обожава, вели, да игра и карти - макао, а бидејќи некои од другарите не ги знаат правилата, често знае и да ги учи.

Во иднина, како што вели тренерот, ќе работат напорно, ќе ги вложат сите напори за освен на олимпијада, Марио да биде еден од учесниците и претставниците на Македонија и на некое европско или светско првенство во пливање. Но овој пат на долги патеки.

- Одиме само на злато и ништо друго – прокоментира Марио пред влезе во базенот, каде што со нетрпение го очекуваа другарите од групата.

**Александар Самарџиски**



## Од Лос Анџелес се вратија со 12 медали

Медалот со златен сјај на 25 метри пливање и оној со сребрениот на 50 што ги освои Марио на Специјалната олимпијада во Лос Анџелес се два од вкупно 12-те со кои лани летото се вратија македонските спортисти.

Во пливање на 50 метри слободен стил, трето место освои и Јована Павловиќ, а Стефан Трпковски се избори за сребро на 50 и за бронза на 25 метри.

Со медали од Специјалната олимпијада се вратија и спортистите кои се натпреваруваа во атлетика, пинг-понг и во кошарка.

На ова натпреварување учествуваа околу седум илјади спортисти од повеќе од 177 земји во 25 спорта.

# ЈАС МИСЛАМ ВАКА

## Младите треба да имаат избор



Младите во денешно време се преокупирани со банални работи. Социјалните мрежи ни го окупираат скоро целото слободно време што го имаме. Благодарение на нив, квалитетите и вредностите кон кои би требало да се стремиме остануваат во сенка.

За жал, таква е реалната слика за мнозинството наши врсници. Нѐ интересира кој каква слика објавил на Фејсбук, колку лајкови собрал, кои пријатели и што ни коментирале и кој каде се „чекирал“. Опседнати сме животот да си го прикажеме како бајка во која ние сме најубавите, имаме најпосветени пријатели, богато момче или девојка, а секојдневието ни е исполнето до максимум, функционираме 200 километри на час.

Меѓутоа, сметам дека ваквите „трендови“ што ги следиме нѐ прикажуваат во едно сосема поинакво светло. Покажуваат дека сме автоматизирани суштества кои постојано ги следиме „трендовите“, подготвени сме да прифатиме сѐ што ни се наметнува, без притоа да промениме нешто, без да размислуваме што би правеле понатаму или каде се гледаме во иднина итн.

Да. И Фејсбук и Инстаграм и сите слични на нив си го земаат данокот. Наместо реални пријатели, на нив имаме само познаници кои сме ги виделе два-три пати, седиме меѓу четири ѕида наместо да се социјализираме.

Тука морам да го спомenam и проблемот со кој се соочуваат сите тинејџери и млади лица во малите места. Буквално, немаат каде и како да го трошат времето, нема кино сали, не се одржуваат театарски претстави, нема културни или едукативни настани.

Наместо тоа, има опција за кафе-муабет во кафуле или „висење“ на телефон.

Затоа, за да можеме да промениме нешто кое би нѐ однело во подобра иднина, потребно е и самите да ги смениме навиките, но и некој друг да се погрижи да имаме избор како да го трошиме нашето време.

Маријана Николова,
СОУ „Ванчо Прке“, Виница

## Во чест на пасивноста и мртвиот дух



Кога ќе престане ова масовно погубување на креативноста и на индивидуалноста? Кога ќе престане оваа тортура врз личниот став? Кога ќе престанам да ги слушам болните крици на овој наш образовен систем?

Овие прашања се заробени помеѓу моите мисли секој ден. Се прашувам дали некој е загрижен за состојбата во која сме потонати ние - младината и иднината на Македонија. Со образовен систем кој на секој начин се обидува да ја убие креативноста и да го задуши секој обид за изразување на сопственото гледиште, различно од другите, ние генерално сме претворени во пасивна генерација. Генерација која гледа поголема шанса за просперитет и личен успех на другата страна на светот, додека во меѓувреме бара начини за успешно да се избори со апсурдите на овој „современ“ воспитно-образовен систем.

Ние сме генерација која е западната во длабок општествен сон поради паролата која е вжрежана во умот на моите врсници: „Не ми е гајле што се случува во нашето општество, за две години и така ќе бидам во странство“.

Велат, имаме право на слобода на говор, но кога ќе се обидеме гласно да зборуваме за нашите проблеми, очајно обидувајќи се да промениме нешто, полни со ентузијазам, тогаш добиваме етикети како „нечии“ војници, како дел од политичка партија итн. А всушност, ние младите сме симпатизери единствено на слободната мисла. Поборници за слобода и промена на она што нам ни е најважно, а тоа е образованието. Поради недостатоците на „ефикасните“ десетгодишни планови за подобро образование, ние се претвориме во апатични, пасивни и игнорантни суштества на кои најважна им е оценката во дневник, а не знаењето. Со застарени методи го живееме дваесет и првиот век. Денешните генерации во средношколските клупи, на пример, се образуваат со истите лектири од пред многу години. Зарем не треба рака под рака со времето да одиме и ние? Кога? Кога ќе се промени ова?

Се надевам еден ден ќе го достигнеме она ниво на кое велат дека сме, а всушност не сме, па така ќе го стигнеме посакуваното современо општество. А дотогаш, ќе се бориме за подобро утре преку единственото оружје кое го имаме - зборовите.

А ако и јас не успеам, тогаш ќе морам и јас да ѝ кажам збогум на мојата татковина.

Маја Петревска, СУГС Гимназија „Орце Николов“ - Скопје

## Аномалија на модерното време



Живеејќи во ова модерно и брзо време, живеејќи во 21 век, постојано сме подложни на промени, но истовремено и пливаме во море од норми кои ни се наметнуваат и од нас се очекува шаблонски да ги исполниме. Се прашувам зошто мора да е така? Зарем сите треба да бидеме пиони на кои ќе им се одредува местото на „шаховската табла“?

Дали треба да си дозволиме времето и општеството да ни наметнуваат на кое поле ќе застанеме и како ќе ги перципираме другите?

Шетајќи по кејот, речиси секое попладне таму среќавам еден бездомник. Тој секогаш седи сам, на истата клупа и чита книга. Чита. Не се сеќавам кога јас или некој од моето опкружување последен пат седнал покрај езеро за да прочита некоја страница.

А бездомникот, и покрај тоа, секогаш во нашите ограничени перцепции добивал етикети само поради неговиот надворешен изглед. Никогаш не сме ги забележале неговите тегоби и не сме се запрашале за неговите грижи. Тука е и човекот што седи со гитара во рацете, свири и ги пее стиховите од безвремената „Don't worry, be happy“ („Не грижи се, биди среќен“). И оваа слика ти поставува милион прашања, а едно од нив е како тој, и покрај сите маки, успева да ги развесели минувачите, а ние сме толку ограничени?

Една приквечерина седнав во негова близина, не зборувавме, молчевме. По неколку минути тој стана, забележа дека ја слушам неговата музика, па затоа пред да замине ми проговори: „Дете, забележани или не во овој свет, еден ден сите заминуваме од него. На крајот сите сме исти“.

Климентина Ѓоршовска,
Гимназија „Свети Климент Охридски“ - Охрид

## Убавите и лажните зборови

Светот е некогаш обоен само во црно и бело, но тоа зависи со какви очи гледаме кон него. Ако во нашите очи има сјај за успех, сјај за достигнување, тогаш тој е целиот во бело, но ако во нашите очи има само зло и омраза кон сите други, тогаш светот е целиот во црно.



Често размислувам за тоа дека во светот постојат толку различни луѓе. Едни кои се на врвот на планината и едни кои се на нејзиното подножје. Тие што се горе ги отвориле железните порти кон успехот и стигнале таму, а оние долу никогаш нема да ги видиме на врвот, зашто се со куси нозе и без клуч за портата кон светот и железните порти. Само убавиот збор ќе нѐ искачи на планината и ќе ни донесе успех, а лагата како остро копје ќе нѐ повреди и ќе ни ја земе силата. Убавиот збор и лагата се пријателот и непријателот на човекот. За жал, тие многу често се преплетуваат кај некои луѓе.

Да возвратиш со убав збор на лага, значи да си доволно силен да го запреш копјето кое се движи кон твоето срце. Таа е само начин да останеш во еден темен тунел од кој нема излез, да останеш сиромашен во душата и во очите на другите. Со лагата никогаш не можеме да се искачиме на врвот, бидејќи таму нема место за неа. Со лагата никогаш не можеме да добиеме почитување и насмевка, туку напротив, со неа се добива само презир.

На врвот секогаш ќе има место само за оние кои употребуваат убави зборови, затоа со убави зборови да ги скршиме копјата на лагата и да го зачуваме нашето срце од повреда, да го зачуваме од пад кон бездна, бидејќи лагата е најлошата особина на човекот, додека убавиот збор е доблест.

Барбара Бочварова,
СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес

## ВЕСТИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

# Медиумска лабораторија во Виница



Триесетина ученици од средното училиште „Ванчо Прке“ во Виница учеа како се пишува новинарска вест, како се прави весник и како работи една редакција на печатен медиум. Во заедничка интеракција целата група симулираше работа во медиум, функционирајќи како една новинарска редакција. Овие еднодневни новинарски работилници ги организираат Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и дневниот весник „Нова Македонија“ во рамките на проектот „Коалиција за медиумска писменост“, кој е финансиран од Европската Унија. Работилниците се организираат на месечно ниво. Средните училишта кои се заинтересирани да бидат домаќини можат да се пријават на интернет-адресата medium@medium.edu.mk

## СОВЕТУВАМЕ:

### Тинејџерите и секстингот

Секстинг претставува испраќање дигитални пораки кои содржат сексуално експлицитни, провокативни фотографии и содржини од испраќачот или од некој друг. Исто така за секстинг се смета и редистрибуција и споделување на тие содржини електронски.

Најчесто тинејџерите испраќаат вакви пораки за да изгледаат кул пред своето друштво, да привлечат нечие внимание, да ја докажат својата посветеност кон некого или да посрамотат и понижат некого.

**Претставува детска порнографија**

Кога фотографии на кои има голи или делумно голи малолетници се испраќаат или споделуваат, тоа се смета за детска порнографија која е законски казниво дело. Оној кој ги прави и ги споделува овие фотографии, всушност, дисеминира детска порнографија и заедно со примачот на оваа порака прави кривично дело.

**Може да води до сексуално онлајн-насилство**

Кога една експлицитна фотографија или порака ќе се испрати, се губи контролата врз неа и луѓето можат да ја искористат како што сакаат, а за жал, многумина ја користат за сексуално онлајн-насилство. Пример за ваков вид насилство е понижување и посрамотување на личноста којашто е на фотографијата. Исто така, ваквата фотографија може да се искористи за некој да се претставува во името на лицето кое е на неа, да постира и споделува несоодветни коментари. Таа може да стигне и до рацете на некој сексуален предатор, со што испраќачот се изложува на ризик да биде сексуално експлоатиран.

**Нѐ изложува на ризик од уцена**

Понекогаш испраќањето експлицитни фотографии е импулсивно, што подоцна нѐ изложува на ризик од уцени. Често се случува примачот на фотографијата да се заканува дека ќе ја сподели со други ако испраќачот не се согласи да ги исполни неговите барања. Многу тинејџери кои се подложени на овој вид уцени се срамат да побараат помош и остануваат препуштени на милоста на уценувачот. Покрај правните последици и опасноста од онлајн-насилство, секстингот може да ја уништи и репутацијата.

## СТРИП




www.comicscenter.mk

Автор: Софронија Шарламанов, Струмица

Во соработка со Стрип центар на Македонија

## КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

**Конкурс за есеј на тема „Јас сум имигрант“**

Списанието „Фоунтајн“ (The Fountain) ги повикува сите млади кои сакаат да пишуваат да учествуваат на натпреварот „Фоунтајн есеј 2016“ (The Fountain Essay Contest 2016) со свој есеј на тема „Јас сум имигрант“. Есеите може да ги обработуваат проблемите со кои се соочуваат имигрантите денес, како тие придонесуваат за општеството, дали тие предизвикуваат проблеми во твоето општество, како ти би им помогнал, а може и да бидат лични приказни доколку некој во семејството бил имигрант. Есејот треба да содржи од 1.500 до 2.500 збора. Првопласираниот ќе добие парична награда во износ од 1.000 долари, второпласираниот 500, а третопласираниот 300 долари. Ќе се доделат и две дополнителни награди во износ од 150 долари. Пријавувањето за конкурсот трае до 31 декември. Повеќе информации на http://www.fountainmagazine.com/essaycontest

**Конкурс за кратка проза: „Очудувања“**

Издавачката куќа „Бегемот“ ги повикува сите млади автори да учествуваат на конкурсот за кратка проза „Очудувања“ со свој краток прозен текст. Целта на конкурсот е да се откријат нови смели пера од Македонија и да им се отворат можности за учество во македонскиот и во меѓународниот книжевен свет. На конкурсот може да учествуваат сите, а единствен услов е да се поднесе кратка прозна книжевна форма напишана на македонски јазик. Конкурсот е отворен во текот на целата година, а одбраните раскази двапати годишно ќе бидат објавувани во дигитални збирки на веб-страницата на издавачката куќа „Бегемот“, слободни за преземање и за читање за сите заинтересирани читатели. Електронските изданија се од непрофитабилен карактер. Сите заинтересирани можат да испраќаат текстови во електронска форма на меил-адресата: andrej@begemot.mk. Повеќе информации на http://begemot.mk/?p=769.

**„Јо Фест 2017“ (YO! FEST 2017)! Натпревар на најдобри нови бендови**

Европскиот младински форум и ЈМ Интернејшнл во соработка со градот Мастрихт го организира младинскиот фестивал „Јо Фест 2017“ (YO! FEST 2017!) и ги повикува сите нови бендови да се пријават и да ја искористат можноста да настапат пред илјадници луѓе, како и да станат дел од Герација Мастрихт на 7 февруари. Жирито на овој фестивал ќе избере два бенда и еден диџеј кои ќе имаат триесетминутен настап на фестивалот. На конкурсот можат да се пријават бендови со максимум шест члена кои се на возраст од 16 до 26 години. На победниците ќе им бидат покриени трошоците за превоз, сместување, храна и секој член ќе добие по 50 евра. Пријавувањето трае до 4 јануари 2017 година и во пријавата треба да се прикачат песни на бендот. Повеќе информации на http://www.yofestebc.eu/apply.